Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр 03-281/1
25 09 2021 год.
СКОПЈЕ

Пост полио група за поддршка
ПОЛИО ПЛУС
Здружение на граѓани
Бр. 03-42/1
25.09. 2021 год.
Скопје

КСЗД

ПОЛИО ПЛУС
движење против хендикеп
www.polioplus.org.mk

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

# ПОМЕЃУ

# КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# И

# ПОЛИО ПЛУС – ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ ХЕНДИКЕП

Врз основа на член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и член 21 и 22 од Статутот на Полио Плус – движење против хендикеп,

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**
претставуван од претседателката на Коимисијата за спречување и заштита од дискриминација, г-ѓа Весна Бендевска

и

**Полио Плус – движење против хендикеп**
претставуван од претседателот на Полио Плус, г- дин Звонко Шаврески

на 25.09.2021 година, во Скопје, потпишаа:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и Факултативен протокол кон неа, чија цел е промоција, заштита и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани со оневозможеност и промоција на почитување на нивното вродено достоинство,

Следеќи ги принципите на почитување на достоинството, индивидуална автономија, слобода да се направи сопствен избор и независност на лицата, недискриминација, целосно вклучување и ефективно учество во општеството, почитување на прифаќањето оневозможеноста како дел од човековата различност, еднаквост на можностите, пристапност, почитување на развојот на капацитетите на лицата и децата со хендикеп и почитување на нивното право да ги зачуваат своите идентитети.

Прифаќајќи дека состојбата на оневозможеност е дел од човековата разноликост и општеството воопшто, како и дека граѓаните со хендикеп се хетерогена група заради нивните физички, сензорни, интелектуални, или психо-социјални оневозможености земајќи ги предвид повеќекратните и интер-секциските форми на дискриминација со кои се соочуваат лицата со оневозможеност, особено жените и децата со хендикеп.

Се договорија за следното:

**Член 1**

Цел на овој меморандум е поставување на рамка за соработка согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, за разбирање, превземање на координирани активности и изразување на јасен интерес на двете страни за создавање на соработка која ќе обезбеди сигурно, континуирано и организирано преземање на активности во интерес на граѓаните со и без хендикеп во Република Северна Македонија.

**Член2**

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во равој и унапредување на правата на граѓаните со оневозможеност во Р.С.Макдонија, Коимисијата за спречување и заштита од дискриминација и Полио Плус – движење против хендикеп се согласни заеднички да соработуваат за остварување на овие цели:

(1) Промоција и примена на моделот на човекови права кон лицата со оневозможеност со цел преземање на сите можни мерки за развој, унапредување и зајакнување на учеството на лицата со хендикеп во општествениот живот;

(2) Заложување за примена и обезбедување на пристап до јавни места, транспорт, информации, комуникации, технологии, производи, услуги, процеси и процедури како би можеле граѓаните со хендикеп да ги остварат своите права;

(3) Покренување на заеднички иницијативи за унапредување на правната рамка која гарантира еднакво признавање пред законот, забрана на дискриминација врз основа на оневозможеност, земаќи го во предвид интерсекцискиот пристап;

(4) Воспоставување на соработка и покренување на на заеднички иницијативи за следење и монитроинг на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп;

(5) Покренување на заеднички иницијативи за измена на прописи, политики и практики заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;

(6) Воспоставување на соработка за постапување по претставки и препораки за конкретните случаи на дискриминација по основ на оневозможеност;

7) Воспоставува соработка и придонесува заеднички при изготвувањето на алтернативни извештаи по различни меѓународни договори и иницира вклучување на прашањето на оневозможеност во истите;

(8) Обезбедување на програми за подигнување на свеста за отстранување и надминување на постоечките стереотипи и дерогативни практики кон граѓаните со хендикеп;

(9) Реализирање на заеднички активности кои ќе придонесат кон зјакнување и унапредување на меѓународната соработка со другите земји, придонесувајќи кон олеснување и поддршка на зајакнување на капацитетите, вклучително и преку размена и дистрибуција на информации, искуства, програми за обука и најдобри пракси по прашањето на хендикеп;

(10) Покренување на заеднички проекти од истражувачки, развоен и научен и безбедносен карактер, организирање на тркалезни маси и дебати како и обезбедување на експертиза и консултации, воспоставување на контакти и презентација пред домашни и странски субјекти во насока ефективна и ефикасна промоција и заштита на граѓаните со хендикеп согласно и обврските од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп;

**Член 3**

Формата, начинот, условите, времетраењето, финансирањето и обемот на соработкат ќе бидат регулирани со посебни договори или со препораки кон планираните активности.

**Член 4**

Овој Меморандум за соработка е составен во два еднобразни примероци, од кои по еден за секоја страна.

Г-га Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита и дискриминација

Г- дин Звонко Шаврески

Полио Плус
движење против хендикеп